Почитувано семејство Трајковски и почитувани колеги!

Денесе сме собрани да му дадеме почит на нашиот **Момчило Трајковски Моме.**
Во знак на почит ве повикувам на едно минутно молчење......
Слава му!

Со неговото заминување остана длабока празнина кај сите нас. Семејството изгуби сопруг и татко, а сите ние изгубивме човек-колега кој остави длабока неизбришлива трага во нашата институција и воопшто во заштитата на културното наследство, која ја градеше со својата сестрана ангажираност и професиналност.

Со секого имаше топол човечки однос и како таков ќе го паметиме ние сè додека сме живи.

Ние како колектив горди сме што го имавме и неговиот лик и дело ќе остане во трајно сеќавање и вечно ќе го паметиме.

Нека му е лесна земјата!

м-р Мемет Селмани,

Директор
НУ Национален конзерваторски центар – Скопје

06.06.2024